МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# на Мрежата за заштита од дискриминација
## 2023-2025 година

**Јули 2022 година**

МРЕЖА ЗА
ЗАШТИТА ОД
ДИСКРИМИНАЦИЈА

# Содржина


Содржина ........ 1
Список на кратенки ........ 2
ВОВЕД ........ 3
ЗА МРЕЖАТА ........ 3
КОНТЕКСТ ........ 4
ВИЗИЈА ........ 7
МИСИЈА ........ 7
ВРЕДНОСТИ ........ 7
ЦЕЛИ ........ 7
1. Цел: Унапредување на постапувањето на институциите во спречувањето и заштитата од дискриминација ........ 8
Насоки ........ 8
Индикатори ........ 8
2. Цел: Подобрување на судската практика за предмети на дискриминација ........ 9
Насоки ........ 9
Индикатори ........ 9
3. Цел: Ефикасна борба против говорот на омраза ........ 10
Насоки ........ 10
Индикатори ........ 10
4. Цел: Постигнување суштествена вклученост на Мрежата и нејзините членки во процесите на одлучување и спроведување на политики ........ 10
Насоки ........ 10
Индикатори ........ 11
СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ........ 11
ПРИЛОЗИ ........ 12
АНАЛИЗА НА АКТЕРИ ........ 12
ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ (Урнек) ........ **Error! Bookmark not defined.**

# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ЕУ | Европска Унија |
| ГО | Граѓански организации |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| Ковид-19 | Болест предизвикана од вирусот Корона 19 |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбијка, геј, бисексуална и трансродова личност |
| МЗ | Маргинализирани заедници |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| НП | Народен правобранител |
| СЕММ | Совет за етика на медиумите во Македонија |
| ЦСР | Центар за социјални работи |

# ВОВЕД

Овој документ претставува Стратешки план на Мрежата за заштита од дискриминација, кој е креиран на инклузивен начин и усвоен со консензус од страна на членките.

Целта на документот е да ги исцрта главните правци на дејствување на Мрежата во периодот 2022-2025 година.

Документот е изработен со поддршка од Проектот „Унапредување на политиките и практиките за заштита од дискриминација и промоција на еднаквост" финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија во јули 2022 година.

## ЗА МРЕЖАТА

Мрежата за заштита од дискриминација е неформална мрежа на здруженија на граѓани кои работат на спречување и заштита од дискриминација, чија цел е градење на еднакво општество преку застапување за унапредување на политиките и практиките на институциите, стратешко застапување на случаи на дискриминација преку обезбедување бесплатна правна помош, правно зајакнување на маргинализираните заедници, поднесување предмети пред домашните и меѓународните судови и механизмите за заштита, учество во креирањето политики од областа на анти-дискриминацијата, следење на спроведувањето на законите и политиките, јакнење на капацитетите на институциите и клучните заедници во областа на спречувањето и заштитата од дискриминација и застапување и известување за состојбите со еднаквост и недискриминација пред меѓународни тела за човекови права. Во Мрежата за заштита од дискриминација членуваат следниве организации:

- Хелсиншки комитет за човекови права;
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување;
- Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т.;
- ХОПС – Опции за здрав живот Скопје;
- ЛГБТИ Центар за поддршка;
- Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ;
- Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ Скопје.
- Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ- Заедно посилни;
- Македонско здружение на млади правници;
- Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство „Глас против насилство"

Мрежата започна со работа во 2010 година, непосредно по донесувањето и стапувањето во сила на Законот за спречување и заштита од дискриминација и формирањето на Комисијата за заштита од дискриминација.

Мрежата е препознаена како главен невладин чинител во областа на дискриминацијата, како во однос на репрезентативноста на групите кои членките ги застапуваат, така и во поглед на квалитетот на нејзината експертиза.

Главен успех на Мрежата за заштита од дискриминација е нејзината клучна улога во донесувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација во октомври 2020 година, каде што даде свој експертски придонес, а претставници на Мрежата беа вклучени во креирањето на новото законско решение. Дополнително, Мрежата се застапуваше за избор на

независни и стручни членови на КСЗД, наместо членови по партиски клуч, каде оствари значаен успех. По изборот на членовите на КСЗД, Мрежата воспостави блиска соработка со акцент на јакнење на нејзините капацитети на Комисијата. Сепак, по донесување на Законот и изборот на Комисијата опадна интересот за ова прашање и на медиумите и на институциите, па оттука и не се посветува доволно внимание на следење на имплементацијата на Законот и на понатамошно унапредување на политиките и практиките во областа на анти-дискриминацијата. Истовремено, наспроти декларативната отвореност на институциите за граѓанските организации, не се оствари суштествен дијалог и вклученост во процесот на донесување одлуки и нивното спроведување.

Мрежата има остварено повеќе успеси во областа на застапувањето за донесување на закни и политики во повеќе области со цел унапредување на еднаквоста и недискриминацијата како во областа на социјалната заштита, здравство, медиуми, образование, родова еднаквост, спречување и заштита од насилство и вознемирување, како и во однос на судската заштита од дискриминација. Во овие области МЗД успешно се застапувала за унапредување на законската рамка согласно меѓународните и ЕУ стандардите, континуирано работи на усогласување на домашното законодавство и практика со правото на ЕУ и практиката на Судот за правдата на ЕУ. Мрежата континуирано обезбедува правна помош на лица од маргинализирани заедници, застапува случаи на дискриминација пред домашните судови и пред КСЗД со што е клучен актер во создавањето на правна парктика во областа.

## КОНТЕКСТ

Овој план се донесува во период на неизвесност и криза на глобален, европски и домашен план. Руската агресија врз Украина предизвика сериозни гео-политички потреси, со силни економски последици. Истовремено, војната веќе носи сериозни предизвици за спроведувањето на принципите на еднаквост и недискриминација во Европа[1].

Фазата на отпочнување на преговорите со ЕУ го одбележува поларизација во македонското општество поради различните ставови околу прифатливоста на условите за преговори. Во документите со кои се уредува преговарачкиот процес со ЕУ нагласена е анти-дискриминацијата и говорот на омраза, како клучни области во Кластерот Темели. Меѓутоа, постои ризик од губење на фокусот од проблемите на антидискриминација и говор на омраза на маргинализираните заедници, поради нагласувањето на етничката припадност како основа за дискриминација и говор на омраза. Веројатна е натамошна политичка поларизација во општеството во пресрет на редовните парламентарни избори во 2024 година, со неизвесност во поглед на политичката архитектура и можно намалување на сензитивноста за прашањата на еднаквост и недискриминација на маргинализираните заедници.

И покрај досегашната декларативната посветеност на власта на политиките на еднаквост и антидискриминација, во практиката отсуствува интересот за креирање политики во овие области. Правниот систем за заштита на човековите права сè уште не покажува унапредена ефикасност, додека опстојува влијанието на извршната власт врз независните институции за човековите права. Неказнивоста на говорот на омраза од страна на органите за прогон продолжува. Значајни унапредувања има во работењето на КСЗД, но потребни се понатамошни напори за зајакнување на капацитетите, обезбедување буџет, кадар за спроведување на сите надлежности, унапредување на препораките и доекипирање.

Наспроти искажаната отвореност на институциите за ГО и нивната вклученост во процесите на изработка на закони, отсуствува конструктивен и аргументиран дијалог за решенијата, а со тоа и суштествена вклученост на ГО во креирањето на политиките на еднаквост. Покрај тоа,

[1] Извор: https://equineteurope.org/the-war-on-ukraine-and-its-impact-on-equality-in-europe-three-months-on/

измените во системот на финансирање на ГО и кратењето на средствата од националниот буџет за ГО, како и отсуството на политики и јасни критериуми за обезбедување услуги за заедницата од страна на ГО претставуваат дополнителен ризик за остварувањето на правата на МЗ, како и за функционирањето на членките на Мрежата.

Со донесувањето на новиот ЗСЗД во 2020 година и профункционирањето на независна Комисијата за спречување и заштита на дискриминацијата во почетокот на 2021 година знашително се унапреди националната законска и институционална рамка за борба против дискриминацијата, при што Мрежата воспоставува однос на соработка и партнерство со КСЗД. Сепак, практиката наментува нови предизвици, особено во создавањето нови институционални практики, а од досегашната имплементација произлесе и потреба од измени на Закон со цел унапредување на законскиот текст.

На глобално ниво, опоравувањето по економската криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19 е запрено поради кризата предизвикана од војната во Украина, со изразена енергетска криза, зголемена инфлација, како и можна криза на храна. Економската и воопшто општествената криза по пандемијата предизвикана од КОВИД-19 најмногу ги погоди најранливите делови од општеството, особено маргинализираните заедници. Согласно податоците од истражувањата на Мрежата за заштита од дискриминација, „маргинализираните заедници се непропорционално погодени од кризата предизвикана од ковид-19“. Според истражувањето “несоодветно изготвените и уште понесоодветно спроведените мерки (мерки на Владата) не одговорија на потребите на маргинализираните групи. Големо влијание врз овие состојби имаа и ниските капацитети на институциите надлежни за спроведување на мерките. Проблемите со капацитетите во повеќе сектори, особено кај институциите од социјална заштита, образование, работни односи, судство и државна управа, проблеми што постоеја и пред пандемијата, особено негативно влијаеа врз пристапот до права и услуги на маргинализираните групи“[2].

Енергетската криза придонесе за инфлација и зголемени цени на сите производи и услуги, особено енергијата и храната. Овие услови имаат дополнително негативно влијание врз националната економија, која е под удар на енергетската криза, со зголемената инфлација и сè поограничени буџетски средства. Ваквите трендови со неизвесен исход носат големи ризици за натамошно влошување на состојбата на МЗ и осиромашување, што го загроува и нивниот пристап до правдата.

Забележлив е трендот на намалување на средствата за работа на граѓанскиот сектор и намалување на средствата за спроведување проекти од страна на домашни и странски донатори. Покрај тоа, останууваат ургентни проблемите на несоодветна распределба на националните средства за граѓанскиот сектор. Несоодветноста на пристапот на државата во однос на обезбдувањето услуги од страна на ГО (во поглед на рамката, висината на средствата, како и критериумите и цените на услугите) дополнително ги влошува условите за пружање услуги на маргинализираните заедници од страна на ГО.

Опстојува недовербата во институциите, поради неефикасноста на системот на заштита. Оттаму, ниска е мотивираноста за пријавување случаи за остварување и заштита на човековите права. Покрај тоа, сè уште ниската свест за човековите права на МЗ, како и постојните стеререотипи го попречуваат создавањето поволна околина за унапредување на правата на МЗ. Ризиците од натамошна поларизација на општеството под притисокот на политичката и економска криза носат особено високи ризиците за исклученост на МЗ.

---

[2] Човековите права на маргинализираните заедници во услови на Ковид-19: Извештај од истражувањето на влијанието што мерките за справување со Ковид-19 го имаат врз човековите права на маргинализираните заедници, достапно на http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/MKD_COVID_CIP_WEB_kor.pdf

Дигитализацијата се поставува глобално и на ниво на ЕУ како една од приоритетните насоки на развојот. Треба да се очекува приоретизацијата на дигиталната агенда да ги постави на преден план дигиталните права, како и да се дигитализираат релевантните процеси во институциите. Во Северна Македонија недоволно се согледани можностите за дигитализацијата во функција на унапредување на правата на МЗ и нивен полесен пристап до правдата. Во оваа насока, особено ќе биде значајно да се разгледаат можностите за креирање дигитални начини за справување со онлајн говор на омраза (работа со медиуми) и развој на дигитални услуги за полесен пристап до правдата на МЗ. Покрај тоа, можен е развој на иновации за пристап до услуги за лица со попреченост и други ранливи групи.

Истовремено, се очекува заштита на животната средина да има сè понагласена улога како хоризонтален критериум на сите општествени/економски интервенции. Оттука потребно е да се истржува начинот на кој климатските промени и несоодветната животна средина влијаат на правата и на социјалниот статус на маргинализираните групи и да се предлагаат и спроведуваат акции за ублажување на ефектите, градење на резистентни заедници и нивно вклучување во борбата за здрава животна средина.

## ВИЗИЈА

Визијата на Мрежата за заштита од дискриминација е:

**Општество без дискриминација**

Визијата на англиски јазик е:

**Discrimination free society**

## МИСИЈА

Кратка верзија: **Спречување и заштита од дискриминација.**

На англиски јазик: Prevention and protection against discrimination.

Долга верзија: Мрежата за заштита од дискриминација се стреми кон спречување и заштита од дискриминација преку обезбедување правна помош, стратешко застапување, вклученост во процесите на следење и креирање на политиките и подигнување на свеста.

На англиски јазик: The Network for protection against discrimination strives for prevention and protection against discrimination by providing legal aid, strategic litigation, engaging in monitoring and policy making processes and raising awareness.

## ВРЕДНОСТИ

- Суштествена еднаквост
- Социјална правда
- Родова еднаквост
- Промоција на различностите
- Транспарентност, отчетност и одговорност
- Добро владеење
- Соработка

## ЦЕЛИ

Во следниот тригоришен средонperiod Мрежата за заштита од дискриминација ќе ги фокусира своите напори кон постигнување четири главни цели:

1. Унапредување на постапувањето на институциите во спречувањето и заштитата од дискриминација;
2. Подобрување на судската практика за предмети на дискриминација;
3. Ефикасна борба против говорот на омраза;
4. Постигнување суштествена вклученост на Мрежата и нејзините членки во процесите на одлучување и спроведување на политики.

## 1. Цел: Унапредување на постапувањето на институциите во спречувањето и заштитата од дискриминација

### Насоки

1.1. Подигнување на капацитетите на стручните работници/водители на случаи во ЦСР за препознавање на карактеристиките кои придонесуваат за поголема ранливост на жртвата;

1.2. Воспоставување и развивање механизам на соработка на Мрежата со стручни работници;

1.3. Подобрување на постапката за прием и постапување со маргинализирани жртви на насилство во ЦСР;

1.4. Подигање на знаењето и капацитетите на студенти и млади професионалци (социјална работа, психологија, правни студии, медицина, факултет за безбедност);

1.5. Елиминирање дискриминаторски и вознемирувачки содржини во наставни материјали и програми;

1.6. Информирање на институциите за нивните обврски согласни законите за спречување и заштита од дискриминација (Кратки видеа, материјали со опис на обврските, обуки, состаноци, споделување материјали за спречување и заштита од дискриминација со стручните работници);

1.7. Следење на спроведувањето на препораките од мониторингот на НП и КСЗД од 2018 година и потоа;

1.8. Воведување системи на мониторинг и евалуација во надлежните институции.

### Индикатори

- Воспоставена проценка на влијанието на измените во социјална заштита врз работа со маргинализирани заедници

  *Појдовна вредност: Постојниот систем не обезбедува препознавање и соодветен третман на маргинализираните заедници во социјална заштита*

  *Целна вредност: Системот ги препознава маргиналираните заедници во системот на социјална заштита*

- Изменет *Правилник за проценка на ризик*[3]*, потребните обрасци и Правилник за центар за дневен престој*[4] преку кој ќе се препознаат спецификите на ранливите жртви

[3] Целосен назив: *Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување на следење на мерките за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа*

[4] Целосен назив: *Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реитеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и ценатар за ресоцијализација*

*Појдовна вредност: Постојните правилници не ги препознава спецификите кои влијаат на зголемена ранливост што резултира со несоодветен третман*

*Целна вредност: Правилник за проценка на ризик и Правилникот за центар за дневен престој ги препознаваат спецификите кои ја зголемуваат ранливоста и потребите на маргинализираните заедници.*

- Обезбедена реакција на препораките и заклучоците од извештаите од НП

  *Појдовна вредност: 0, целна вредност – 3*

- Обезбедена реакција на препораките и заклучоците од извештаите од КСЗД

  *Појдовна вредност: 3, целна вредност – 6*

## 2. Цел: Подобрување на судската практика за предмети на дискриминација

### Насоки

2.1. Придонес за објективна проценка на судските практики преку конзистентно следење и анализа на судските постапки;

2.2. Унапредување на дијалогот со судиите преку форуми на ниво на апелациони подрачје;

2.3. Придонес за соодветно планирање и распределба на предметите за дискриминација во судовите;

2.4. Унапредување на програмите за обука на АСЈО (редовна и континуирана обука);

2.5. Зголемување на бројот, успехот и видливоста на стратешките предмети и обезбедување на нивно финансирање.

### Индикатори

- Зголемен број судски постапки за дискриминација покренати од Мрежата и членките

  *Појдовна вредност: 4 судски постапки;*

  *Целна вредност: 4 нови постапки до 2025 година.*

- Повисок степен на успешност на предметите

  *Целна вредност: 50% успешно завршени постапки (кај кои што е утврдена дискриминација)*

- МЗ воведени во програмите за обука за дискриминација на АСЈО

  *Појдовна вредност: Постојат обуки за недискриминација, но истите се опција во континуираната програма и недоволно се разработени МЗ*

  *Целна вредност: Задолжителна обука за дискриминација во континуираната обука за судиите од граѓанските оддели; застапени содржини за МЗ*

- Обезбедени средства за дополнителни четри случаи за заштита од дискриминација

  *Појдовна вредност: 4 (тековни) судски предмети;*

*Целна вредност: 8 предмети*

## 3. Цел: Ефикасна борба против говорот на омраза

### Насоки

3.1. Зголемување на свеста на јавноста за препознавање и пријавување на говорот на омраза;

3.2. Воведување механизми за дигитализација на процесот на разоткривање и елиминација на говорот на омраза во медиумите и порталите;

3.3. Унапредување на капацитетите на институциите за препознавање и постапување по однос на пријави за говор на омраза (јавни обвинители, судии, КСЗД);

3.4. Унапредување на капацитетите на ГО за следење, препознавање и пријавување на говор на омраза.

### Индикатори

- Зголемен бројот на ГО - членки на Мрежата кои го следат говорот на омраза

  *Појдовна вредност: 2*

  *Целна вредност:  4*

- Зголемен број на пријави за говор на омраза за МЗ

  *Појдовна вредност: 80*

  *Целна вредност: 150*

- Спроведени пет обуки со ЈО, судии и ГО, медиуми за препознавање на говор на омраза

  *Појдовна вредност: 0*

  *Целна вредност:  5 спроведени обуки со сите целни групи*

  - Стратешко застапување на случај на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет пред ЕСЧП

## 4. Цел: Постигнување суштествена вклученост на Мрежата и нејзините членки во процесите на одлучување и спроведување на политики

### Насоки

4.1. Остварување аргументиран дијалог со институциите за предлозите и препораките дадени од Мрежата;

4.2. Зголемување на финансиската поддршка од страна на државата на граѓанските организации кои обезбедуваат услуги и сервиси за заштита на жртви на насилство и целните групи со кои работи Мрежата;

4.3. Промовирање на директното вклучување на ранливите групи во процесите на донесување на одлуки;

4.4. Унапредување на соработката со Советот за ГО и мрежите кои работат на правосудството (Блупринт, Мрежа 23 и др.) во насока на повисоко ниво на учество на ГО во креирање и спроведување на политиките;

4.5. Усогласено влијание во процесот на скрининг и на подготовка и спроведување патокази и акциски планови во преговорите со ЕУМ;

4.6. Придонес во креирањето на новата Стратегија за реформа на правосудство.

### Индикатори

- Членките на Мрежата изразуваат повисок степен на вклученост во процесите на подготовка на политиките (4.1.;4.2.;4.5.;4.6.), мерено преку прашалник за нивото на задоволство.

  *Целна вредност: сите членки и МЗД учествува во донесување на политики, а задоволството континуирано расте*

- Бројот на претставници кои биле директно консултирани е зголемен, мерено преку прашалник (4.3.)

- Претставници на МЗД се вклучени во скринингот (аналитички, билатерален) и во подготовката на патоказите и акцискиот план во однос на прашањата на дискриминацијата и говорот на омраза

  *Појдовна вредност: 0;*
  *Целна вредност: Најмалку по 1 претставник на Мрежата односно организациите членки е учесник во скринингот и подготовка на патоказите и акцискиот план*

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Активностите за спроведување на овој Стратешки план ќе се разработуваат во годишната програма за работа на мрежата, акциските планови и планот за застапување на Мрежата.

Оценката за спроведувањето на ниво на резултати ќе се одвива на квартално и годишно ниво, преку тримесечните и годишните извештаи за работата на Мрежата.

Следењето на индикаторите ќе се одвива согласно план кој Мрежата ќе го изработи до крајот на 2022 година (урнек во прилог).

На крајот на тригодишниот период, Мрежата ќе спроведе надворешна евалуација, за утврдување на степенот на реализација на целите.

# ПРИЛОЗИ

## АНАЛИЗА НА АКТЕРИ

Анализата на актери цели ги идентификува и мапира клучните чинители во доменот на делување на Мрежата за заштита од дискриминација и да ги појасни односите кои постојат и/или можат да се развиваат во иднина. Анализата вклучува графичко мапирање на актерите прикажано подолу и краток опис на односите со актерите во продолжение.

